# ПРВА ПОЛУГОДИШНА АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ НА ИНДЕКСОТ НА ПОЛИТИЧКИ ИНТЕГРИТЕТ

## -Индивидуалната приказна-

**Скопје, јуни 2026**

# Извршно резиме

Оваа полугодишна анализа на Индексот на политички интегритет (ИПИ) [1]нуди структурирано согледување на врската меѓу однесувањето на носителите на јавни функции и довербата на граѓаните во институциите. Преку анализа на медиумски релевантни случаи, се забележува доминација на негативни примери во однос на позитивните. Иако овие случаи не претставуваат статистички репрезентативен пресек на целиот систем, тие укажуваат на поширок тренд во кој јавните функционери почесто генерираат сомнеж отколку доверба.

Клучниот наод е дека нарушувањето на интегритетот ретко произлегува исклучиво од директно прекршување на законите. Напротив, во најголем дел од случаите се работи за занемарување на етичката димензија на функцијата, што создава перцепција на можен судир на интереси, селективност или недостиг на отчетност. Токму овие перцепции имаат силно влијание врз довербата на граѓаните, која се гради не само преку законитоста, туку и преку видливото и одговорно однесување на институциите.

Случајот со В.Д. претседателката на Кривичниот суд Димовска илустрира како институционалниот контекст, јавните изјави и поврзаноста со истрага во која е вклучен близок член на семејството создаваат сомнеж за влијание врз правдата. Во услови кога довербата во правосудството е исклучително ниска (9%), ваквите ситуации дополнително ја продлабочуваат перцепцијата за пристрасност.

Слична логика се појавува и во случајот со синдикалниот лидер Ралповски, каде временската коинциденција меѓу синдикалните активности и неговото именување во државна институција отвора прашања за автономијата на синдикалното делување. Иако, нема формално утврдена незаконитост, можноста за кооптирање ја намалува довербата во независноста на синдикатите.

Случајот со синдикалниот претставник во М-НАВ Александар Тасевски претставува најизразен пример за динамиката на довербата. Почетната позиција на заштита на јавниот интерес создава висок степен на кредибилитет, но наводите за злоупотреба на позицијата за лични цели доведуваат до целосен колапс на интегритетот. Ова укажува дека довербата не е статична категорија, туку се гради и се губи континуирано.

Кај вицепремиерот Фетаи, проблемот е структурно најсериозен, бидејќи се однесува на отсуство од извршување на функцијата, примање плата и недостиг на институционална реакција.

Вредно е да се напомене дека од создавањето на оваа анализа, во меѓувреме, под притисок на јавноста вицепремиерот Фетаи на 01 јуни 2026 година поднесе оставка која Собранието на Република Северна Македонија ја прифати 10 дена подоцна и на 11 јуни го разреши Фетаи. Тоа не го менува фактот дека вицепремиерот за добро владеење, два месеци не се појавуваше на своето работно место, не беше во државата, а за своето отсуство и неработење не беше транспарентен

[1] https://shorturl.at/IGnnm

ниту отчетен. Накратко, вицепремиерот Фетаи го прекрши Етичкиот кодекс кој самиот требаше да го имплементира.
Дополнителна тежина е фактот што станува збор за функција задолжена за добро владеење, што ја засилува перцепцијата на системска недоследност и ја поткопува идејата за отчетност.
Во контраст со овие случаи, примерот на Ленче Ристоска е позитивен модел на интегритет. Нејзината оставка, образложена со неможност за дејствување согласно професионалните принципи, демонстрира усогласеност меѓу вредностите и постапките. Овој случај покажува дека интегритетот се потврдува преку конкретни одлуки, особено кога тие носат лична или професионална цена, и затоа е оценет како „градител на норми“.
Воедно, напуштањето на пратеничката група од страна на пратеникот Миле Цеков, пропратена со јасна и транспарента јавна комуникација во политичка смисла претставува контраст на вицепремиерот Фетаи. Во случајот на пратеникот Цеков, политичкиот интегритет е основата на преземениот чекор кој значи дистанцирање од политичката партија која делува спротивно и на предизборните ветувања, а воедно и на своите идеолошки и политички определби. Ваквиот чекор и исклучителна реткост во законодавниот дом, и затоа е оценет како „градител на норми“.

Анализата дополнително укажува на слабости во институционалниот одговор. Реакциите најчесто се условени од медиумски и јавен притисок, додека превентивните механизми речиси целосно отсуствуваат. Ова создава циклус во кој сомнежите се акумулираат, а довербата постепено еродира. Јавната дебата останува ограничена на иницијалното известување, без систематско следење на исходите, што доведува до фрагментирана и недоволно информирана перцепција кај граѓаните.
Во поширок контекст, оваа динамика може да се спореди со искуствата од регионот. На пример, процесот на реформи во правосудството во Северна Македонија по политичката криза од 2015–2017 година покажа дека недостигот на интегритет во институциите може да доведе до длабока политичка и општествена криза. Од друга страна, поединечни случаи на преземање одговорност, како што е оставката на Иво Санадер и последователните судски постапки во Хрватска, покажаа дека институционалната реакција може да придонесе кон постепено обновување на довербата, иако за тоа покрај одговорност е потребна и значителна временска дистанца.

Главниот заклучок е дека довербата во институциите не зависи од нивното формално постоење, туку од конкретните постапки и однесувањето на функционерите што ги претставуваат. Негативните случаи опфатени во анализата упатуваат на слабости во одговорноста, отчетноста и етичкото постапување, додека позитивниот пример покажува дека интегритетот е можен и во сложени институционални околности. Затоа, зајакнувањето на довербата бара истовремено јакнење на личниот интегритет на носителите на функции и создавање институционални механизми што ќе го поддржуваат и наградуваат таквото однесување.

Оттука, обновувањето на довербата бара двоен пристап: зајакнување на индивидуалниот интегритет и воспоставување ефективни институционални механизми кои ќе го поддржат и поттикнат таквото однесување. Ерозијата на довербата во институциите не е случаен или

неизбежен процес, туку последица на конкретни постапки, одлуки и пропусти. На ист начин, довербата може да се обнови, но само доколку интегритетот стане правило, а не исклучок во функционирањето на институциите.

# I - Вовед

Индексот на политички интегритет (ИПИ) е алатка која ја анализира врската меѓу однесувањето на носителите на јавни функции, институционалните реакции и довербата на граѓаните во институциите.
Неговата вредност е во тоа што ја претвора апстрактната идеја за интегритет во мерлив концепт преку категории како владеење на правото, етичка култура, корупцијата, транспарентност, заштита на јавниот интерес, и други. Оваа анализа на шест поединечно обработени случаи, кои биле актуелни во медиумскиот етер изминатиот период од неколку месеци, покажува јасен дисбаланс: четири случаи со негативна оценка и два со позитивна оценка. Треба да се земе предвид дека станува збор за теми кои биле доминантни во етерот и за кои постојат медиумски извештаи, па пропорцијата е само показател за поширок тренд во кој индивидуалното однесување сè почесто ја поткопува довербата во институциите.

**Образец на компромитирана одговорност**
Кога случаите се разгледуваат поединечно, се забележува дека проблемот ретко е само во директно кршење на закон, туку во целосно занемарување на етичката димензија на функцијата и создавање простор за сомнеж за кршење на кодекси и закон. Во случајот со В.Д. претседателката на Кривичниот суд Димовска, комбинацијата од избор во чувствителен момент, јавни изјави и поврзаност со истрага во која е вклучен близок член од семејството создава перцепција дека постои можност за влијание врз правдата. Во вакви ситуации, перцепцијата станува речиси подеднакво важна како и фактите, бидејќи довербата зависи од тоа дали граѓаните веруваат дека системот е непристрасен. Земајќи ги предвид истражувањата кои ја мерат довербата во правосудството и судскиот систем кои изнесуваат 9%, може безбедно да се претпостави дека граѓаните нема да веруваат во непристрасноста, туку напротив овој случај може да придонесе за уште поголема ерозија на нивната доверба.
Слична динамика се гледа и кај синдикалниот лидер Ралповски. Временската коинциденција меѓу синдикалните активности и неговото именување во државна институција отвора прашање за автономијата на синдикалното делување. Дури и без формален доказ за неправилност, се создава впечаток дека постои можност за кооптирање, што ја намалува довербата во независноста на синдикатите, која рангира најниско на истражувањата.
Случајот со синдикалниот претставник во М-НАВ Тасевски ја покажува динамиката на довербата во најчиста форма. Почетната позиција на заштита на јавниот интерес создава висок степен на доверба, но наводите за злоупотреба на позицијата за лични цели доведуваат до брз и длабок пад. Ова укажува дека интегритетот не е статичен, туку се потврдува или губи преку континуирано однесување.

Случајот на вицепремиерот Фетаи е најеклатантен пример за нарушена индивидуална одговорност поради отсуство од извршување на функцијата која треба да е чувар на интегритетот на останатите функционери. Отсуството од работа и недостатокот на институционална реакција создаваат впечаток на систем кој не ги санкционира очигледните пропусти. Ова ја поткопува идејата за отчетност како основен принцип на управување кај сите функционери но, кај овој конкретен случај е најтешка, бидејќи токму вицепремиерот Фетаи е задолжен за добро владеење. Мандатот на Фетаи подразбира дека тој ќе се грижи за доброто владеење на сите функционери, па кога тој лично ќе го прекрши својот мандат, станува збор за далеку поголема тежина на случај на отсуство на интегритет. Кога чуварот на интегритетот очигледно го докажува личното отсуство на истиот, довербата на граѓаните во институцијата е сериозно разнишана.

**Исклучокот и интегритетот како свесна одлука**

Во контраст со овие случаи, примерот на обвинителката Ленче Ристоска како и примерот на пратеникот Миле Цеков претставуваат јасен позитивен модел. Одлуката да се поднесе оставка поради неможност да дејствува согласно професионалните принципи или политичко-идеолошки определби покажува усогласеност меѓу вредностите и постапките.

Овие случаи се значајни затоа што демонстрираат дека интегритетот не е декларативен, туку се потврдува преку конкретни одлуки, особено кога тие носат лична или професионална цена. Во средина каде задржувањето на позицијата често се смета за приоритет, ваквите чекори претставуваат пример за поставување стандарди.

Тие постапки не ги слабеат нивните позиции меѓу граѓаните, напротив, ги зајакнуваат, бидејќи покажуваат дека системот може да има механизам за само-корекција. Токму затоа овие случаи се оценети како „градител на норми“. Иако произлегуваат од системски проблеми, тие покажуваат дека поединецот може да реагира во согласност со професионалните принципи и на тој начин да постави позитивен стандард за однесување.

**Интегритетот како сигнал за системот**

Ако се разгледаат сите случаи заедно, се појавува јасна слика за систем кој условно реагира (условот е постоење на медиумски и јавен притисок, кој пак е предусловен со транспарентност), но во ниеден случај не превенира. Институциите често доцнат со реакција или реагираат селективно и несоодветно, додека поединците ретко преземаат иницијатива за одговорност и етички стандард земајќи ја превид довербата на граѓаните.

Ова создава циклус во кој сомнежите се акумулираат, а довербата постепено се намалува. Перцепцијата на граѓаните не се формира само врз основа на правни исходи, туку врз основа на видливото однесување. Кога тоа однесување е неконзистентно и неетичко, довербата се нарушува, дури и во отсуство на правосилни одлуки.

**Минимална јавна дебата без навраќање на исход**

Како посебна димензија се истакнува јавниот етер и начинот на кој се третираат случувањата, имајќи предвид дека медиумите известуваат за сите случувања и благодарение на истите, и граѓаните се информирани, а воедно и ваквите анализи се возможни. Но, во јавноста отсуствува

суштинска дебата за поголемата слика како и за причинско-последичната врска на овие случувања со нивните подалекусежни ефекти. Воедно многу ретко се известува за исходите или понатамошните разврски од случувањата, што доведува до половично информирани дискусии во јавниот етер кои зависат исклучиво од првичните написи кои се објавени на темата. Заклучоците врз основа на кои граѓаните ја градат или губат довербата во институциите зависат исклучиво од моменталното известување за конкретен случај, за кој ниту во моментот има подлабока причинско-последична анализа, ниту пак понатаму се следат исходите кои потенцијално можат да доведат до промена на заклучоци.

## II - Поединечни случаи

### II.1 Случај - В.Д. претседателка на Основен кривичен суд – Скопје, Даниела Димовска




Во фокусот на оваа анализа е В.Д. претседателката на Основниот кривичен суд – Скопје, Даниела

Димовска, нејзиниот избор за В.Д. претседател и поврзаноста со случајот со пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани. Пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани е најсериозната трагедија со која се соочила државата од нејзината независност. Животот трагично и брутално го загубија 63 млади луѓе, што за град со големина на Кочани претставува речиси една цела млада генерација. Неспорно е дека причините за оваа трагедија лежат во нефункционален систем кој не е поставен да обезбеди минимум безбедносни стандарди и почитување на законските норми што постојат за заштита на граѓаните. Премиерот Христијан Мицкоски уште на првата прес-конференција, вечерта по трагедијата во Кочани, соопшти дека постојат елементи на корупција и изигрување на системот. Подоцна, како преку истражувачкото новинарство, така и преку изјавите на Основното јавно обвинителство, во јавноста се појавија информации кои потврдуваат дека корупцијата ги надживеала сите политички гарнитури во период од 13 години, колку што постои дискотеката.

Во вакви околности, правичното и неселективно постапување на истражните и судските органи е единствената можност за враќање на довербата на граѓаните во системот. Оттука, неопходно е да се разгледа постоењето на можен судир на интереси, сомнежи за можни влијанија и селективност, односно дали и на кој начин позицијата на В.Д. претседателката Димовска може да влијае врз судскиот процес во кој е осомничен нејзиниот брат.

Оценување на политичкиот интегритет:

Постојат јавни индиции и сомнежи за неетичко однесување, но не постои институционална реакција и нема притисок од јавноста или медиумски фокус на овој аспект од случајот „Пулс“. Според индикаторите од методологијата на индексот, оценката за политички интегритет е -6.

**Категорија:** Етичка култура

**Оцена:** Дамка (-6)

Клучен аргумент:

1. Братот на В.Д. претседателката на Основниот кривичен суд – Скопје подоцна е осомничен за корупција поврзана со сопственикот на дискотеката „Пулс“.

Истрагата на Основното јавно обвинителство за случајот со пожарот во дискотеката „Пулс“ првично не ги опфати инспекторите на Управата за јавни приходи. Во меѓувреме, во јавноста се појави новинарска сторија во која беше објавена комуникација помеѓу сопственикот на дискотеката „Пулс“ и инспектори на УЈП. Веројатно како резултат на истражувачката новинарска сторија што изнесе на виделина докази за корупција, односно примање/давање на мито, се отвори нова истрага во која е опфатен и инспекторот Драган Паунов, брат на В.Д. претседателката на Основниот Кривичен суд Скопје, Даниела Димовска. Иако овој предмет не се спојува со актуелниот предмет за пожарот во дискотеката „Пулс“, затоа што не постои поврзаност со штетната последица, сепак, самиот сомнеж за корупција поврзан со работата на дискотеката

„Пулс“ и барањето на Основното јавно обвинителство за ефективен притвор за Драган Паунов претставува индикатор за неговата вмешаност во незаконската работа на дискотеката. Дополнителен сомнеж за незаконско и неетичко влијание фрла фактот што барањето за ефективен притвор е одбиено, на Драган Паунов му е определен домашен притвор кој потоа е исто така укинат и во моментов му се определени мерки на претпазливост и можност да се брани од слобода. Одбраната на Паунов и В.Д. претседателката на Кривичниот суд Скопје, Даниела Димовска, негираа можно нивно влијание врз одлуката на судот.

Препорака во насока на заштита на интегритетот: Повлекување од функција на В.Д. претседателката на Основниот кривичен суд Скопје со цел обезбедување доверба во процесот на судење на случајот со пожарот во дискотеката „Пулс“.

Дали В.Д. претседателката Даниела Димовска знаела за вмешаноста на нејзиниот брат во претходната работа на дискотеката станува секундарно прашање. Со нејзиното неповлекување од функцијата, откако се отвара нова истрага и нејзиниот брат е осомничен, нејзиниот интегритет е потенцијално компромитиран. Можноста да влијае врз судењето и врз судиите на кои им е претпоставена, можноста да влијае на судиите на претходна постапка кои носат одлука за притворот во Основниот суд во Кочани и Апелацискиот суд во Штип, и кои носат одлуки во корист на нејзиниот брат и покрај жалбите на Основното јавно обвинителство, можноста преку јавни изјави да влијае врз јавноста, како и потенцијалниот конфликт на интереси, директно влијаат врз довербата што граѓаните треба да ја стекнат во системот и во правдата преку правичното судење.

Функционер со интегритет, кој е поставен да го штити јавниот интерес и правдата, веднаш би се повлекол со цел да обезбеди доверба кај граѓаните во судењето на случајот со пожарот во дискотеката „Пулс“.

Препораки:

Со оглед на тоа дека изборот и разрешувањето на В.Д. претседателката на Основниот кривичен суд Скопје е во надлежност на Судскиот совет, препораката со која сè уште може да се санира штетата врз интегритетот е Судскиот совет да отвори предмет и да дискутира за овој можен конфликт на интереси и можно влијание врз процесот во кој е осомничен и нејзиниот брат. Доколку се утврди потреба, Судскиот совет може да го ажурира подзаконскиот акт што го уредува прашањето врз основа на кое може да се постапува. Воедно, Судскиот совет има директна надлежност да донесе одлука и за нејзино повлекување/разрешување, на истиот начин како што го извршил и нејзиниот избор. Конечно, Судскиот совет преку ваква дискусија не само што би ги убедил граѓаните дека го штити јавниот интерес и правдата, туку и би ги тргнал сомнежите дека со нејзиното именување создава услови за избегнување на правдата за лицата кои се осомничени и се судат за случајот со пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани.

**II.2 Случај - Синдикален лидер Благоја Ралповски, претседател на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС)**




Во фокусот на оваа анализа е синдикалниот претставник Благоја Ралповски (претседател на Конфедерацијата на слободни синдикати - КСС), во контекст на неговото однесување за време на протестите за зголемување на минималната плата и неговото последователно именување за член на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ).

Случајот добива јавна видливост во период на засилени синдикални активности и најави за блокада на Владата поради незадоволство од висината на минималната плата. Клучното прашање од аспект на политички интегритет е дали се создава перцепција на конфликт меѓу синдикалната автономија и евентуално институционално кооптирање преку именување во управен орган на државна институција.

Оценување на политичкиот интегритет:

**Категорија**: влијание на елити

**Оцена:** Дамка ( –6)

Согласно Методологијата на Индексот на политички интегритет, во овој случај постојат јавно документирани индикации за можен конфликт на интереси, медиумски фокус и јавна дебата но нема формален институционален одговор, реакција или правна постапка.

Станува збор за категорија „Дамка“ (–4 до –6), при што оценката –6 соодветствува на ситуација во која постојат етички сомнежи и перцепција на недоследност, но без потврдена незаконитост. Во рамки на Индексот на политички интегритет, ваквите случаи претставуваат „Дамка“ – односно предупредувачки сигнал за можно компромитирање на интегритетот, кој бара транспарентно објаснување и институционална јасност со цел да се зачува довербата на јавноста.

Клучни аргументи

1. Недоследност помеѓу синдикална позиција и институционално именување
   Во период кога Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ) најавува и организира протести и генерален штрајк за минимална плата, медиумски е нотирано дека Ралповски не учествувал на протестите, а кратко потоа е именуван за нов член во Управниот одбор на ПИОМ. Ова создава перцепција на потенцијално институционално кооптирање. Временската коинциденција меѓу протестите и именувањето во управен орган на државна институција отвора етичко прашање за автономијата на синдикалното делување. Членството во Управен одбор на ПИОМ претставува позиција од јавен интерес, со влијание врз пензискиот систем. Синдикален лидер кој застапува работнички права мора да демонстрира јасна дистанца од потенцијални политички влијанија. Случајот се отвара во период на засилени социјални барања и најави за блокади, што дополнително ја зголемува чувствителноста на јавноста кон евентуални компромиси или непринципиелни договори помеѓу синдикатите и извршната власт.

Препорака за индивидуална одговорност во насока на заштита на интегритетот:

Повлекување од страна на именуваниот член Ралповски од Управен одбор на ПИОМ во насока на заштита на интегритетот и враќање на довербата на граѓаните во синдикалната организација која ја предводи.

**II.3 Синдикалниот претставник во М-НАВ Александар Тасевски и наводите за злоупотреба на синдикална позиција**




Во фокусот на оваа анализа е синдикалниот претставник на контролорите на летање во М-НАВ, Александар Тасевски, во контекст на кривична пријава за наводна злоупотреба на службена должност и овластувања. Според јавно достапните информации, пријавата се однесува на користење платени денови за синдикални активности, при што постојат наводи дека наместо службена агенда била реализирана приватна посета на Кипар. Случајот добива дополнителна јавна тежина поради фактот што Тасевски подолг период во јавноста настапуваше како еден од најгласните критичари на состојбите во М-НАВ, особено во делот на безбедноста на воздушниот сообраќај, политичките влијанија и институционалното работење. Во јавниот простор тој беше перципиран како лице кое укажува на неправилности и дејствува во насока на заштита на јавниот интерес, што придонесе за висок степен на доверба во неговиот личен и професионален интегритет. Токму затоа, наводите дека синдикалната позиција евентуално била искористена за

приватни цели отвораат сериозни прашања за отчетноста, интегритетот и одговорноста на носителите на јавна и професионална доверба.

**Оценување на политичкиот интегритет**

**Категорија:** Етичка култура и заштита на јавен интерес
**Оцена:** Дамка (-4)

**Хронологија на настаните**

Во текот на 2025 година и почетокот на 2026, синдикатот на контролорите на летање предводен од Тасевски јавно алармира за состојбите во М-НАВ, вклучително и обвинувања за застарена опрема и ризици по безбедноста, како и за политички влијанија во вработувањата. Следуваат најави за штрајк и барања за поништување на огласи за вработување, по што раководството реагира со тврдења дека безбедноста не е загрозена и дека се изнесуваат неточни информации. Конфликтот ескалира со судска постапка, при што штрајкот е прогласен за незаконски, а раководството најавува кривични пријави. Паралелно, во јавноста се појавуваат критики за дел од реториката, што се користи во јавните настапи за „затворање на воздушниот простор". Клучниот пресврт во случајот се случува со кривичната пријава против Тасевски за наводна злоупотреба на службена должност и овластувања. Според јавно достапните информации, постојат сомнежи дека користел платени денови одобрени за синдикални активности и состаноци, при што наместо службена агенда реализирал приватно патување во Кипар. Случајот отвора прашања за отчетноста и интегритетот на носителите на синдикални функции, особено кога станува збор за користење доверени овластувања и права што произлегуваат од синдикалната позиција.

**Клучни аргументи**

**1. Наводи за користење службени поволности за приватни цели**
Според јавно достапните информации, постојат сомнежи дека платени денови одобрени за синдикални активности биле искористени за приватно патување, наместо за службена агенда.

**2. Потенцијална злоупотреба на доверена позиција**
Случајот отвора прашања за границите на користење на синдикалните овластувања и одговорноста на претставниците кои располагаат со институционална доверба и права.

**3. Јавна доверба и повисок интегритетен ризик**
Тасевски во јавноста беше препознаен како синдикален претставник кој укажува на институционални слабости и потенцијални ризици во работењето на М-НАВ. Поради тоа, наводите за евентуална злоупотреба на синдикалната позиција имаат дополнителна тежина и директно влијаат врз довербата во синдикалното претставување.

**4. Нарушување на интегритетот на синдикалното претставување**
Кога постојат сомнежи дека синдикална позиција е користена за лични цели, тоа може да влијае врз довербата во организацијата и кредибилитетот на синдикалното дејствување во јавноста.

**Препорака во насока на заштита на интегритетот**

Случајот со Александар Тасевски претставува комплексен пример во кој се судираат синдикалното делување, јавниот интерес и институционалната одговорност. Иако неговите иницијални јавни настапи и активности беа перцепирани како обид за укажување на состојби од јавен интерес и заштита на безбедноста во М-НАВ, последователните наводи за евентуална злоупотреба на синдикалната позиција отвораат сериозни прашања за интегритетот и отчетноста на носителите на јавна доверба.

Во рамки на Индексот на политички интегритет, случајот се квалификува како „Дамка“ поради сомнежите за користење доверена позиција за приватни цели и потенцијалното нарушување на довербата во синдикалното претставување.

Во таа насока:

- институциите транспарентно да го расчистат случајот и јавно да ги соопштат утврдените факти и исходот од постапката;
- Струковиот синдикат на контролори на летање (ССКЛ) дополнително да ги зајакне механизмите за внатрешна отчетност и етички стандарди;
- да се разгледа надградување на Етичкиот кодекс на синдикатот, особено во делот на користење синдикални права, јавна комуникација и спречување евентуална злоупотреба на синдикална позиција за лични цели;

**III.4 Случај-  Вицепремиерот за добро владеење - Арбен Фетаи**




Случајот се однесува на медиумски извештаи и јавни изјави според кои вицепремиерот за добро владеење Арбен Фетаи подолг период не присуствува на работа и не учествува во седниците на Владата, и покрај тоа што формално ја извршува функцијата и прима плата. Овој случај отвора прашања за одговорноста во извршувањето на службените обврски и почитувањето на принципите на добро владеење, особено затоа што овој вицепремиер  е задолжен во својот мандат да спроведува политики за добро владеење.

**Оценување на политичкиот интегритет:**

**Категорија:** Заштита на јавен интерес

**Оцена:** Скандал (−9)

Повеќекратните јавни наводи за отсуство од работа и неизвршување на основните службени обврски, редовно примање плата и отсуство на јасна институционална реакција, укажуваат на

сериозни сомнежи  за почитување на принципите на  отчетност и одговорност. Иако нема информации за формална правна постапка со исклучок на изјава на премиерот Мицкоски за потенцијална идна функција, сериозноста и континуитетот на наводите во јавниот простор ја нагласуваат потребата од институционално постапување. Согласно Законот за Владата, функционерите ја извршуваат својата функција сè додека формално Собранието не изгласа нов мандат за друго лице, и истиот не биде верификуван.

Дополнителна тежина има фактот што станува збор за функционер чиј ресор е токму доброто владеење, што ја засилува очекуваната одговорност и стандард на однесување.

### Клучни аргументи

- **Наводи за подолгорочно отсуство од работното место**
  Според јавните изјави и медиумските извештаи, вицепремиерот Арбен Фетаи не доаѓа на работа во Владата подолг временски период и не учествува на седници на Владата, што претставува клучен дел од неговите обврски.
- **Примање плата без видливо извршување на функцијата**
  Во јавноста се изнесуваат информации дека и покрај отсуството, вицепремиерот продолжува да прима плата.
- **Отсуството без официјално образложение**
  Во дел од изјавите се наведува дека вицепремиерот не е во државата, без јасно и официјално образложение. Во контекст на отсуството, постои негова јавна објава во која тој се наоѓа во Тајланд, но без официјално образложение.
- **Отсуство на институционална реакција**
  Не се забележуваат конкретни мерки или постапки за утврдување одговорност, што укажува на слабости во механизмите на контрола и отчетност.  Дополнително, постои Кодекс за етичко однесување на членовите на Владата, чија примена е во надлежност на вицепремиерот за добро владеење. Во овој контекст, се појавува ситуација во која носителот на оваа надлежност е предмет на наводите, што дополнително ја усложнува потребата од институционална реакција.

### I. Препорака во насока на заштита на интегритетот

- Вицепремиерот за добро владеење да поднесе оставка од морални причини
- Владата јавно да се произнесе за случајот, да обезбеди транспарентност и да преземе конкретни мерки за утврдување одговорност
- Да се воспостават јасни механизми за следење на присуството и работата на носителите на јавни функции
- Да се преземат соодветни институционални мерки доколку се утврдат неправилности

### II. Препораки според одредбите од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата:

Пријавување на сомнеж за судир на интереси (извадок од Кодексот)

Член 22

На барање на членовите на Владата, замениците на министрите и другите именувани функционери од Владата, по сопствена иницијатива или по допрен глас, лицето за советување за примена на Кодексот, ќе ги советува за било какво прашање на однесување и етичко прашање поврзано со овој кодекс и ќе даде генерални препораки за понатамошно постапување.

Носителите на извршни функции соработуваат со членот на Владата одговорен за следење на спроведување на Кодексот и му ги прават достапни сите релевантни информации кои тој ќе ги побара, освен оние кои имаат карактер на класифицирани информации.

Носителите на извршни функции веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на сторување или сознание за непочитување на одредбите од овој кодекс, го информираат претседателот на Владата и членот на Владата одговорен за следење на спроведување на Кодексот, во случај на постоење сомнеж кој се однесува на примената на овој кодекс при извршување на функцијата односно должноста.

**Препорака согласно член 22:** навремено реагирање и активирање на институционалните механизми во ситуации кои можат да го нарушат интегритетот на функцијата и институцијата.

**Препорака согласно член 22**: членовите на Владата да постапуваат согласно овие одредби, односно да пријавуваат случај и да се активираат предвидени постапки со цел да се применува доследно Кодексот.

Мерки во случај на непочитување на Кодексот (извадок од Кодексот)

Член 23

Во случај на непочитување на одредбите од овој кодекс, членот на Владата одговорен за следење на спроведување на Кодексот, писмено го опоменува носителот на извршната функција дека го прекршил Кодексот и му укажува во рок од три дена од доставувањето на опомената да го поправи однесувањето.

Доколку носителот на извршна функција во рокот од ставот 1 на овој член, не го поправи однесувањето, членот на Владата одговорен за следење на спроведување на Кодексот, доставува мислење до претседателот на Владата, врз основа на кое претседателот на Владата може да одлучи да примени некоја од следниве мерки:

- официјална критика во јавноста за однесувањето на лицето кое не го почитувало овој кодекс и укажување да го поправи однесувањето при што истата може и да ја објави на веб-страницата на Владата,
- политичка одговорност, односно барање за поднесување на оставка на носителот на извршна функција или предлог за негово разрешување и/или
- покренување на иницијатива за информирање на надлежни институции, најдоцна во рок од еден месец од денот на дознавањето за непочитувањето на овој кодекс, закон, особено Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање.

**Препорака член 23:** да се постапи согласно предвидените мерки со цел заштита на интегритетот на јавната функција и на Владата како институција.

**II.5 Случај- Јавната обвинителка Ленче Ристоска**




Во фокусот на оваа анализа е одлуката на јавната обвинителка Ленче Ристоска да поднесе оставка од функцијата јавен обвинител. Анализата се темели на јавно достапни информации, медиумски извештаи и реакции во јавноста поврзани со околностите што доведоа до оваа одлука.

Оставката следува по низа институционални одлуки: иземање на Ристоска од предметите „Талир 1" и „Талир 2" од страна на државниот јавен обвинител, како и одбивање на нејзината иницијатива пред Советот на јавни обвинители, во која укажува на притисоци и нарушување на нејзината самостојност. Дополнително, таа неодамна беше кандидат за државен јавен обвинител, но не беше избрана од Владата. Во ваков контекст, Ристоска јавно образложува дека не може да продолжи да ја извршува функцијата во согласност со своите принципи.

Ристоска е поранешен член на Специјалното јавно обвинителство, каде работеше на повеќе високо профилирани предмети, меѓу кои „Талир 1", „Талир 2" и „Таргет-Тврдина". По згаснувањето на

СЈО, ја продолжи кариерата во редовното обвинителство, а паралелно е ангажирана и како јавна обвинителка за врски со Европравда (Eurojust).

Случајот отвора прашања за условите за работа во обвинителството, степенот на независност на обвинителите и односот меѓу личниот интегритет и институционалниот контекст, а воедно влијае врз перцепцијата за интегритетот на институцијата и довербата на граѓаните.

Оценување на политичкиот интегритет

**Категорија:** Владеење на правото
**Оцена:** Градител на норми (+9)

Клучниот аргумент во овој случај е усогласеноста помеѓу јавно изнесените ставови и донесената одлука.

Ристоска укажува на ограничувања во својата професионална автономија, политичките притисоци, и на неможност да работи согласно сопствените принципи, по што следува конкретен чекор: повлекување од функцијата. Ваквата конзистентност претставува јасен индикатор на личен и професионален интегритет.

Иако постојат спротивставени политички интерпретации (вклучително и квалификации дека потегот е политички мотивиран), тие не го менуваат суштинскиот факт дека станува збор за личен чин на повлекување од функција во услови на несогласување со начинот на функционирање на системот.

Согласно методологијата на Индексот, ваквиот тип дејствие: повлекување од функција во услови на несогласување со институционалните практики, се вреднува како „Градител на норми“, бидејќи поставува стандард за одговорно однесување во јавна функција.

Клучни аргументи

– Јавната обвинителка Ленче Ристоска ја поднесува својата оставка со јавно образложение како резултат на неможност за дејствување согласно професионалните стандарди.

– Јавни реакции од експерти од фелата ја интерпретираат оставката како чин на интегритет и сигнал за проблеми во системот, вклучително и оценки дека самата оставка претставува индиректно укажување на состојбите во обвинителството.

- По објавувањето на оставката, следуваат реакции од јавноста, експертите и политичките субјекти. Дел од анализите ја оценуваат како чин на интегритет и индикатор за системски проблеми во обвинителството, додека владејачката ВМРО-ДПМНЕ ја квалификува како политички мотивирана.

– Државниот јавен обвинител Савески во својата реакција изразува жалење за оставката, со

потенцирање дека неговите одлуки насочени кон неа не се политички мотивирани туку самостојни.

Случајот како пример за интегритет

Случајот со Ленче Ристоска претставува пример на јавно повлекување од функција со образложение засновано на лични и професионални принципи.

Одлуката за оставка претставува конзистентен чин во однос на јавно изнесените ставови.

Во рамки на Индексот на политички интегритет, случајот се квалификува како „Градител на норми“ – односно ситуација во која постои усогласеност помеѓу принципите и дејствијата, и покрај сложениот институционален и политички контекст.

## II.6 Случај- напуштање на пратеничка група и дејствување како независен пратеник на Миле Цеков



Во фокусот на оваа анализа е одлуката на пратеникот Миле Цеков да ја напушти пратеничката група на партијата ЗНАМ, продолжувајќи да делува како независен пратеник. Според неговите изјави во медиумите, одлуката произлегува од несогласувања со политиките и резултатите на власта, особено во делот на борбата против корупцијата, како и од оценката дека политичката партија ЗНАМ отстапила од предизборните ветувања (раст на минимална плата, поддршка за земјоделците и други мерки). Дополнително, тој посочува на институционален молк околу чувствителни случаи и отсуство на правна разрешница, што, според него, е спротивно на наративот врз кој била добиена довербата од граѓаните.

Оценување на политичкиот интегритет

**Категорија:** Заштита на јавниот интерес

**Оцена:** Градител на норми (+9)

Согласно Методологијата на Индексот, случајот се квалификува како „Градител на норми“, бидејќи укажува на јавно демонстрирање политичка автономија и принципиелно отстапување од партиска линија во корист на јавниот интерес.

Клучни аргументи:

1. Демонстрирање на политичка автономија и независност
Одлуката на пратеникот да ја напушти пратеничката група поради несогласувања укажува на способност за независно делување, што е суштински елемент на политичкиот интегритет.

2. Принципиелно позиционирање во однос на јавниот интерес
Јавно изнесените критики, особено во делот на борбата против корупцијата и исполнувањето на ветувањата, сигнализираат ставање на јавниот интерес пред партиската дисциплина.

3. Транспарентност во комуникацијата со јавноста
Одлуката, како и причините за неа, беа јавно соопштени и образложени, што придонесува кон транспарентност и отчетност пред граѓаните. Иако партијата ЗНАМ од каде доаѓа пратеникот Цеков објави јавна објава, во која посочува дека постои принципиелно разидување помеѓу партијата и пратеникот, во објавата не постои индикација дека пратеникот би бил исклучен поради овие разидувања. Ова го позиционира пратеникот Цеков во морално супериорна позиција.

4. Улога на пратеникот како коректив на власта
Со преминување во статус на независен пратеник и јавно критикување на власта, пратеникот ја зајакнува улогата на Собранието како контролен механизам.

5. Придонес кон демократска политичка култура
Ваквите постапки поставуваат стандарди за однесување каде личниот и професионалниот

интегритет имаат предност пред политичката лојалност, што е клучно за развој на зрела демократија.

Заклучок

Случајот претставува позитивен пример на политичко однесување кое придонесува кон зајакнување на демократските стандарди и институционалниот интегритет. Одлуката за напуштање на пратеничката група и парламентарното мнозинство, врз основа на јавно образложени и принципиелни несогласувања, ја нагласува важноста на индивидуалниот интегритет во политиката.

Во рамки на Индексот на политички интегритет, случајот се позиционира како „Градител на норми“, односно пример што придонесува кон развој на етичка политичка култура, отчетност и посилна улога на институциите.

Препораки

- Политичките партии да развијат функционални механизми за внатрешна дебата и несогласување
- Да се зајакнат етичките стандарди кои ја ставаат јавната одговорност пред партиската дисциплина
- Да се поттикнува транспарентна комуникација на политичките одлуки
- Да се унапреди улогата на Собранието како независен контролен орган
- Да се охрабрува култура на отчетност и критичко преиспитување на власта

Препораки до независните пратеници

- Да продолжат со јавно и јасно образложување на своите одлуки, како основа за доверба кај граѓаните
- Да го задржат фокусот на конкретни политики и резултати, наместо на персонални конфликти
- Да градат соработки околу конкретни теми и закони, независно од партиската припадност
- Да ја користат позицијата на независен пратеник за засилување на контролната улога на Собранието
- Да се гради конзистентен став преку гласања и иницијативи, а не само преку изјави
- Да останат доследни на принципите врз основа на кои ја донеле одлуката
- Автономијата да се темели на јасни политички позиции и конкретни политики, а не само на дистанцирање од партијата

# III - Заклучок и препораки за зајакнување на интегритетот

Анализата покажува дека довербата во институциите се нарушува постепено, преку повторливи ситуации во кои индивидуалното однесување не е во согласност со очекуваните стандарди и не постои соодветна санкција, вклучително и механизми за превенција. Четирите негативни случаи укажуваат на системски слабости, но и на недостаток на лична одговорност и елементарно почитување на етички стандарди. Во исто време, позитивните примери покажуваат дека интегритетот не е прашање на околности, туку на избор. Интегритетот не е недостижен, туку бара доследност и подготвеност за преземање одговорност, особено кога за истата постои лична и професионална цена.
Клучната порака е дека институциите не ја создаваат довербата самостојно. Тие ја градат или ја губат преку однесувањето на луѓето што ги претставуваат. Затоа, за да се врати довербата во демократските институции, неопходно е да се зајакне интегритетот пред сè на индивидуално ниво, но со јасни системски механизми кои ќе го поддржат и поттикнат таквото однесување. Ерозијата на довербата е резултат на избори за лично поведение но, и силни внатрешни механизми на институциите кои се однесуваат на нивните раководители. Исто така, обновување на довербата на граѓаните е можна, но бара поставување на интегритет како правило, а не како исклучок, и за да се постигне истото, неопходна е доследна примена на воспоставени механизми за градење и одржување на интегритет.
Зајакнувањето на довербата бара комбинација од индивидуални и институционални мерки. Потребно е воспоставување јасни механизми за управување со судир на интереси, кои ќе овозможат навремено реагирање и спречување на сомнежи. Институциите мора да имаат обврска за брза и транспарентна реакција во случаи на јавни контроверзии, со цел да се намали просторот за шпекулации.
Истовремено, неопходно е да се развие култура на индивидуална и институционална одговорност, во која оставката не се доживува како слабост, туку како знак на интегритет. Подобрувањето на комуникацијата со јавноста и медиумите треба да стане приоритет, бидејќи таа директно влијае врз перцепцијата на отчетност. Конечно, институциите треба да инвестираат во внатрешни механизми за следење и зајакнување на интегритетот, со цел да се спречат идни случаи на компромитирано однесување.
Покрај генералните препораки, кои значат суштински и реформски пристап во градење на системи преку кои ќе се јакне интегритетот, кои најчесто бараат и време и ресурси, во меѓувреме можни се препораки за конкретно детектирани слабости преку случаите, кои може да имаат брза и ефективна имплементација:

### 1. Обврзувачки механизам за „автоматско изземање“ при потенцијален судир на интереси

Во случаи како оној со Димовска, каде постои семејна или друга блиска поврзаност со предмет, треба да се воведе јасна процедура која ја префрла одлуката од индивидуална одговорност во формализиран систем, како на пример:

- функционерот е должен во рок од 48 часа да пријави потенцијален судир на интереси;
- институцијата (на пр. Судски совет) е должна во рок од 5 дена да донесе одлука за иземање или останување;
- непостапувањето автоматски активира дисциплинска постапка.

**2. Период за спречување на перцепција на кооптирање**

Врз основа на случајот со Ралповски, потребни се правила кои ставаат временска дистанца и директно ја адресираат перцепцијата на граѓаните, а со кои правила ќе се воведе минимум период во кој синдикални или граѓански лидери не можат да бидат именувани на извршни или управни позиции во државни институции поврзани со нивната област на делување, доколку во општеството во моментот постои отсуство на структурен дијалог или постои активен протест/демонстрација поради неисполнување на синдикално право;

**3. Внатрешни етички ревизии во синдикатите и независните тела**

Од случајот со Тасевски произлегува потреба од задолжителни годишни етички ревизии на синдикалните организации и воспоставување внатрешни контролни тела со право на суспензија на претставници при сомнеж за злоупотреба.

**4. Систем за евиденција и јавна транспарентност на работниот ангажман на функционерите**

Во случајот со Фетаи, клучниот проблем е *невидливоста* на (не)работењето. Затоа е неопходно да се воведе централизиран, јавно достапен регистар за присуство и активности на носители на јавни функции (седници, состаноци, службени патувања), проследен со извештаи за нивната месечна активност.

**5. Формализирање на оставката како инструмент на интегритет**

Врз основа на позитивниот пример со Ристоска неопходно е да се воведе институционален механизам каде функционерот има обврска јавно да ги наведе причините за оставката, но и институцијата е должна да даде официјален одговор на наводите во рок од 10 дена после поднесувањето на оставката. Воедно, потребен е механизам со кој ваквите случаи ќе се третираат како индикатори за системски слабости, а не како индивидуални исклучоци и ќе влијаат врз идни именувања на функционерите.

**6. Обврзувачки рокови за институционална реакција**

Поради честото отсуство на реакција на институциите, потребно е во внатрешните механизми да се воведе правило со кое секоја институција мора да реагира (со став или постапка) во рок од 7 дена по појава на јавен случај со елементи на интегритет, а непостапувањето да се третира како институционален пропуст кој задолжително е предмет на санкција.

Институционална обврска за објава на исходите од случаите за кои постои медиумско известување мора да е системско правило, бидејќи анализата укажува на прекин на вниманието по иницијалната вест за случај на институциите, па дури и кога има позитивен исход како на

пример санкција или корекција на однесување, таа информација може да не биде видлива за јавноста и граѓаните.

**7. Интегритет како критериум за напредување, не само за санкција**

Позитивните примери (како Ристоска) е неопходно да се вклучат како критериум за идни именувања со што ќе се воспостави практика каде интегритетот носи институционална „награда", не само избегнување санкција.

Овие препораки ја поместуваат рамката од декларативна кон оперативна. Наместо да се потпираат на добра волја на поединците, тие воведуваат јасни правила, рокови и последици. На тој начин, интегритетот престанува да биде исклучок кој зависи од личен избор, и станува предвидливо и мерливо однесување поддржано од системот.

**8. Објавување на исходите од случаи од јавен интерес**

Институциите треба редовно и јавно да ги објавуваат исходите од случаи кои предизвикале значителен јавен интерес. Без информации за конечниот исход, јавноста останува со впечаток на неказнивост или неразјаснетост, што дополнително ја поткопува довербата во институциите.

**9. До медиумите: следење на исходите, а не само на скандалите**

Медиумите имаат клучна улога во откривањето на случаи поврзани со интегритетот, но исто толку важно е и следењето на нивните разврски. Континуираното известување за институционалните постапки, санкциите, ослободителните одлуки или корекциите на однесувањето придонесува за поцелосно информирање на јавноста и спречува формирање на заклучоци врз основа на нецелосни информации.